## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Четиресет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14.01.2009 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,32часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Четиресет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Павле Трајанов, Крсто Мукоски, Љубисав Иванов Ѕинго, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Имер Селмани, Даут Реџепи, Али Ахмети, Хисен Џемаили, Ермира Мехмети, Теута Арифи, Марјанчо Колевски, Фијат Цаноски и Јани Макрадули ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 16 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, по скратена постапка, второ и трето читање**

Извештаите на Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тели и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи, доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, со оглед на тоа дека не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани до седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Пред тоа ги повикувам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Во салата се приситни 57 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да прејдеме на гласање.

(Пратеници влегуваат во салата)

Во моментов во салата има 61 пратеник.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 52 пратеници. Од нив за Предлогот гласаа сите 52 пратеници, воздржани нема, против нема.

Молам службите повторно да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници присутни во салата)

Во салата се присутни 62 пратеници.

Гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за внатерешни работи.

**Минуваме на точка 17 - Предлог на закон за дополнување на Законот за полиција по скратена постапка, второ и трето читање**

Извештаите на Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тели и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи, доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Во името на пратеничката група, за збор се има пријавено господинот Николов Марјанчо во име на пратеничката група на СДСМ.

Повелете, има збор господинот Николов Марјанчо.

**Марјанчо Николов**: Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Нашата пратеничка група нема да го подржи овој закон, затоа што во членот 2 од истиот е предвидено истиот да важи од 01.01.2009 година. Знаеме дека едно од основните начела што се содржани во Уставот е тоа дека законите нема да се применуваат ретрокативно во Република Македонија.

Цениме дека Собранието на ваков начин го крши Уставот. Не сме ние виновни што Владата, во приготвувањето на концептот на бруто плата доцни со предложените измени и дополнувања на законите што треба да го следат овој концепт и сметам дека овој закон треба да се врати и да не се изгласа во второто читање, затоа што е против уставен, кршејќи го начелот во Уставот дека законите во Република Македонија не можат да важат ретроактивно.

Затоа ќе гласаме против.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со огледа на што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој што може да се поднесуваат амандмани до седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 54 пратеници, воздржани нема, против 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот дополнување на Законот за полиција.

**Минуваме на точка 18 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, по скратена постапка, дополнет предлог второ и трето читање.**

Дополнетиот предлог на Комисијата за одбрана и безбедност и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи, доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Во името на пратеничката група на СДСМ за збор се има јавено господинот Сугаревски Горан, а во име на пратеничката група на ДУИ, за збор се има јавено господинот Џафери Талат.

Има збор господинот Сугарески Горан, повелете.

**Сугарески Горан:** Благодарам претседателе.

Пратеничката група на СДС нема да го подржи овој дополнет Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Причините се исти како што и мојот колега Марјанчо Николов кажа околку Законот за полиција. Сметаме дека имаме кршење на законот односно на Уставот, каде што се вели дека законите во Република Македонија, во овој тип, не можат да важат ретроактивно.

Сметам дека поради тие причини пратеничката група на СДС нема да го подржи овој закон и ќе гласа против едно вакво законско решение. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има звор господинот Џафери Талат, повелете.

**Талат Џафери:** Ви благодарам господине претседател.

Уште на почетокот сакам да истакнам дека парламентарната група на ДУИ ќе ги подржи измените и дополнувањата на Законот за служба во Армијата на Република Македонија и тоа поради фактот што ако се има предвид влегувањето во сила на спроведувањето или имплементацијата на таканаречената цела плата или бруто плата, повеќе од потребно е да има измена и дополнување и на Законот за служба во Армијата.

Меѓутоа, исто така сакам да истакнам дека од објаснувањата што беа дадени од претставникот на Министерството за одбрана во текот на расправата на матичната комисија, ние мислиме дека ќе има проблеми во техниката на спроведувањето на законот, од фактот што спецификите и посебностите што ги имаат претставниците на Армијата со нивната служба, затоа што нивното место на живеење и нивното работно место не кореспондира на ист начин за сите припадници. Поради овие специфики мислиме дека во текот на спроведувањето ќе се појават пробелми во техниката на спроведувањето на Законот, за кој што говориме, нешто што во континуитет соодветните органи во Министерството за одбрана ќе треба да го проследат. Во соработка со Министерство за финансии ќе треба да изнајдат начин како најдобро да го спроведат реализирањето на бруто платата, од фактот што категориите исхрана и надоместок за пат сега не постојат, според новиот закон.

Додека во основниот Закон за служба во Армијата се признава правото на надоместок на плата за лицата кои живеат надвор од гарнизонот каде што ги вршат своите работни должности и ова како посебност, со начинот како се објаснува спроведувањето на изменувањето на соодветниот закон, ќе се наиде на пречки. Верувам дека и ние како Парламент и Комисија и Министерството ќе треба да водиме сметка за сите можни проблеми кои што би се појавиле во текот на имплементирањето на овој закон.

Верувам дека за кратко време ќе има потреба за еден поширок пристап кон изменувањето на Законот за служба во Армијата, затоа што и самиот факт и начинот на ангажирањето на припадниците на Армијата, посебно на професионалните војници, кореспондира со посебни барања за вршење на должности надвор од гарнизоните односно во гарнизоните што не кореспондираат со местата на живеење на припадниците на Армијата.

Поради овој факт и поради практичните проблеми со кои што се соочуваат припадниците на Армијата и сите други во Министерството за одбрана ќе треба да водиме сметка за практичното имплементирање и ние како Парламент да ја следиме таа практика и на време ќе треба да преземеме мерки за надминување на можните проблеми со кои што ќе се соочиме во текот на имплементирањето на овој закон.

Уште еднаш, на крајот, ќе истакнам дека ДУИ, парламентарната група на ДУИ ќе ги подржи изменувањата и дополнувањата на Законот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Врз основа на член 156 став 1 од Деловникот на Собранието  на второто читање на седницата на Собранието се води претрес само по членовите 3, 4, 5, 6, 15 и17 што се изменети со амандмани на работните тела.

Отворам претрес по членовите 3, 4, 5, 6,15 и 17 на дополнетиот предлог.

Ги повикувам предлгачот и пратениците кои сакаат да говорат по членовите 3, 4, 5, 6, 15 и 17 да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор констатирам дека претресот по членовите 3, 4, 5, 6, 15 и 17 заврши.

Врз основа на член 156 став 3 од Деловникот на Собранието за седницата на Собранието не се поднесени амандмани на дополнетиот Предлог на закон.

Поради тоа што Собранието не усвои ни еден амандман на дополнетиот Предлог врз основа на член 162 од Деловникот на Собранието преминуваме на гласање по Предлгот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 56 пратеници. Од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 8 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата во Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека  Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

Благодарам.

(Седницата со работа заврши во 11,52 часот.)